

# ПАРИТЕ ВО ПОЛИТИКАТА

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

ДЕКЕМВРИ, 2013

ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# ПАРИТЕ ВО ПОЛИТИКАТА

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

### ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

ДЕКЕМВРИ, 2013

Издавач:
Транспарентност Македонија
За издавачот:
Наталија Поповска
Во соработка со:
Фондација Отворено општество – Македонија
www.fosm.mk
pravo@fosm.mk

Автори:
Искра Андреева
Александра Марковска
Уредници:
Данче Даниловска-Бајдевска
Марија Петровска
Лектура:
Виолета Караџовска-Стојанова
Ликовно-графичко обликување:
Кома
Тираж:
300

Original MesCIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје
329.073.52:005.332.5(497.7)»2013»(047)
АНДРЕЕВА, Искра
Парите во политиката : годишен извештај : транспарентност во финансирањето на политичките партии / Искра Андреева, Александра Марковска. - Скопје : Транспарентност - Македонија, 2013. - 67, 57 стр. : граф. прикази, табели ; 21 см
Насл. стр. на припечатениот текст: Money in politics : annual report : transparency of political party financing / Iskra Andreeva, Aleksandra Markovska. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. -
Содржи и: Прилог 1-5
ISBN 978-608-65482-2-3
1. Марковска, Александра [автор]. - I. Andreeva, Iskra види Андреева, Искра. - II. Markovska, Aleksandra види Марковска, Александра
а) Политички партии - Финансирање - Транспарентност - Македонија - 2013 - Извештаи
COBISS.MK-ID 95271690

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| ПРЕДГОВОР | **5** |
| МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО | **7** |
| РЕДОВНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ | **10** |
| Извори на редовното финансирање | **11** |
| Јавни извори на финансирање | **11** |
| Приватни извори на финансирање | **12** |
| Контролен механизам | **14** |
| Извештаи од партиите | **14** |
| Надлежни институции за контрола | **15** |
| Казни | **15** |
| РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО: РЕДОВНО ФИНАНСИРАЊЕ 2012 | **17** |
| Пристап до информации | **17** |
| Анализа на извештаите | **19** |
| ФИНАНСИРАЊЕ ИЗБОРИ | **22** |
| Како се финансираат изборните кампањи | **23** |
| Контрола на финансирањето на изборните кампањи | **26** |
| Санкции | **27** |
| РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО: ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2013 | **29** |
| Пристап до информации | **30** |
| Анализа на извештаите | **34** |
| НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И КОНТРОЛАТА НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ | **37** |
| ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ | **41** |
| ПРИЛОГ 1 | **48** |
| ПРИЛОГ 2 | **54** |
| ПРИЛОГ 3 | **60** |

# ПРЕДГОВОР

Во изминативе три години Транспарентност Македонија во соработка со Фондацијата Отворено општество - Македонија го спроведуваше проектот „Транспарентност во финансирањето на политичките партии“, со цел да прикаже реална слика и да отвори широка јавна дебата за политичкото финансирање во државата. За целиот овој период, посведочивме многубројни измени на законската рамка што редовно ги прескокнуваа нашите препораки. Редовно комуницирavме со надлежните институции и се обидувавме да им укажеме на слабостите во нивната работа и да понудиме конкретни предлози за надминување на забележаните пречки. Посветивме цела година на политичките партии да им овозможиме простор да ги изразат своите ставови и забелешки во врска со механизмот за регулирање и контрола на партиското финансирање и да им создадеме канал за комуникација и дебата за горливите прашања. Се обидовме да ја анимираме пошироката јавност преку различни активности, интервјуа, извештаи, брошури и јавни настапи. Редовно се консултиравме со експертската јавност и академската заедница преку организирање дебати и добивање експертски мислења. И конечно успеавме да создадеме мала база на податоци, кои ќе можат да фрлат светлина на  политичките процеси и на динамиката на правниот систем во периодот од 2011 до 2013 година.

Меѓутоа, и покрај сите активности, многупати нашите напори се чинеа како донкихотовски подвизи. Незаинтересираноста на клучните политички фактори да ги слушнат нашите препораки и да се вклучат во дебатата што е речиси непостоечка, покажува дека постои потреба од уште поинтензивни и конструктивни притисоци врз активните политички чинители за да се обезбеди јавност и транспарентност во процесите на политичко финансирање. Невозможно е да се очекува постоење на праведно,

инклузивно и демократски развиено општество доколку не се почитуваат основните премиси на отчетност и јавност.

Користејќи го правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во 2011 и во 2013 година собравме релевантни податоци за редовното финансирање на политичките партии, како и за финансирањето во рамките на изборните кампањи за парламентарните избори во 2011 и за локалните избори во 2013 година. Во 2012 година, преку испраќање два прашалника до регистрираните политички партии успеавме да добиеме, иако ограничен, увид во тоа колку партиите ја познаваат законската рамка, дали се согласуваат со законските ограничувања на висината и видовите на дозволените партиски финансии, дали имаат соработка и доверба во контролниот механизам, и дали и како ја обезбедуваат јавноста и транспарентноста на финансирањето.

Нашите анализи покажаа низа слабости во законските прописи, во контролниот механизам, но и недостаток на политичка волја за надминување на истите[1]. Овие наоди во голема мера се совпаднаа со оние на ОБСЕ/ОДИХР[2], ГРЕКО[3] и Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2013 година[4]. Последниов годишен извештај го изготвивме со надеж дека резултатите и препораките ќе допрат до најодговорните за критичните состојби и ќе помогнат во надминувањето на утврдените слабости.

1 Годишен извештај, „Транспарентност во финансирањето на политичките партии“; Транспарентност Македонија и Фондација Отворено општество – Македонија, 2011 година; „Парите и политиката – Транспарентност во финансирањето на политичките партии: годишен извештај 2012“, Транспарентност Македонија, декември 2012.
2 Конечен извештај на Набљудувачката мисија на изборите на ОБСЕ/ОДИХР, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 5 јуни 2011, Канцеларија за демократски институции и човекови права, Варшава, 6 октомври 2011.
3 Извештај за усогласеност за Република Македонија, „Инкриминации (ETS 173 и 191, GPC 2)“, „Транспарентност на финансирањето на партиите“, Усвоен од ГРЕКО на неговата 54-та Пленарна сесија (Стразбур, 20-23 март 2012).
4 Работен документ на службите на Комисијата, Извештај за напредокот на Република Македонија 2013, во прилог на соопштението на Комисијата до Европскиот парламент и Советот, Стратегијата за проширување и главните предизвици 2013–2014 {КОМ(2013) 700}, Европска комисија, Брисел, 16.10.2013, СЕЦ (2013) 413.

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Имајќи предвид дека ова истражување е продолжување на истражувањата спроведени во 2011 и во 2012 година, повторно како алатка преку која ги добивавме потребните информации го користевме Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[5]. Во повеќе наврати беа поднесени вкупно 132 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и беа барани различни информации.

Па така, најнапред од Основниот суд Скопје 2 - Скопје ја побаравме листата на регистрираните политички партии која се води во Единствениот судски регистар на политички партии. Овој регистар ги содржи податоците за политичките партии кои пред истекот на четири години од нивната регистрација се должни да доставаат 1.000 потписи поединечно дадени и заверени кај нотар.[6] Неисполнувањето на нивната обврска значи нивно бришење од регистарот. Од надлежниот суд побаравме и во законски рок ја добивме бараната информација, односно листа на политички партии што се запишани како усогласени. Беа наведени вкупно 48 политички партии што ја исполниле својата обврска.

Во однос на редовното финансирање на политичките партии, во средината на април 2013 година, со барања за слободен пристап до информации од јавен карактер се обративме до Државниот завод за ревизија, Управата за јавни приходи и до Централниот регистар на Република Македонија и ги побаравме годишните финансиски извештаи, извештаите за добиени

5 „Службен весник на РМ" бр.13/2006, 86/2008 и 6/2010. Слободниот пристап до информациите не е предмет на детална анализа на овој извештај. За повеќе информации, види http://www.spinfo.org.mk
6 Согласно со член 11 став 3 од Законот за политички партии („Службен весник на Република Македонија" бр. 76/2004; 5/2007; 8/2007; 5/2008 и 23/2013)

донации и годишните сметки за финансиско работење на регистрираните политички партии.

За потребите на анализата на локалните избори во 2013 година, од Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата и од Државниот завод за ревизија ги побаравме финансиските извештаи за локалните избори во 2013 година. Истите барања ги упативме и до советите на општините во Република Македонија (вкупно 81 општина).

За дел од испратените барања добивме навремени и целосни одговори, но во низа случаи бевме принудени да поднесеме жалби до Комисијата (вкупно 14: 7 поради молчење на администрацијата и 7 поради нецелосен одговор) и последователно тужби пред Управен суд (вкупно 4) поради непостапување на Комисијата во законскиот рок.

Во текот на истражувањето во 2011 година соочени со молк од политичките партии поднесовме жалби до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер (во понатамошниот текст Комисијата)[7]. И покрај тоа што партиите беа наведени во листата на иматели на иформации од јавен карактер објавена на веб-страницата на Комисијата, жалбите беа отфрлени со нелогичното образложение дека политичките партии не се иматели на информации од јавен карактер. Поради тоа, во 2012 година поведовме управни спорови, но Управниот суд го дели истиот став како и Комисијата, па поднесените тужби беа одбиени како неосновани[8]. Ваквото рестриктивно толкување беше обжалено пред Вишиот управен суд, со надеж дека токму овој суд ќе навлезе во суштината на управната работа што ја решава и ќе заземе поинаков став во насока на заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Но, стојалиштето на Вишиот управен суд на РМ е дека не е повреден законот на штета на барателот на информацијата, од причина што јавноста и транспарентноста на работењето на политичките партии биле сосема доволно обезбедени преку одредбите на Законот за финансирање на политичките партии, според кои партиите имаат обврска сите информации за своето финансиско работење да ги доставуваат до надлежните државни институции или на своите веб-страници, па следствено на тоа, барателите треба своето барање да го адресираат до државните институции[9].

7 Годишен извештај, „Транспарентност во финансирањето на политичките партии“; Транспарентност Македонија и Фондација Отворено општество – Македонија, 2011 година.

8 Повеќе за случаите на www.spinfo.org.mk

9 http://www.spinfo.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1978:sluchaj-04&catid=1046&Itemid=692&lang=mk

Со цел создавање целосна слика за финансирањето на политичките партии, неопходно беше да провериме како функционира контролниот механизам. За таа намена, кон крајот на август 2013 година, со барања за слободен пристап се обративме до надлежните институции за контрола, и тоа до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија, Државната изборна комисија, Министерството за правда, Јавното обвинителство на РМ и Основниот суд Скопје 1 - Скопје. Она што сакавме да го добиеме како информација е колку надлежните институции презеле мерки за утврдување евентуални неправилности за време на локалните избори. Во продолжение на текстот се анализирани одговорите од овие институции.

# РЕДОВНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Финансирањето на политичките партии е детално регулирано со Законот за финансирање на политичките партии[10] донесен во 2004 година (во понатамошниот текст Закон за финансирање). Во изминатава декада од неговото донесување овој закон претрпе дури пет измени, дел од нив логични и потребни, како, на пример, онаа од 2008 година што доведе до усогласување со Законот за прекршоците. Но оние промени што имаа за цел да ја зголемат јавноста и транспарентноста и да го зајакнат контролниот механизам, не успеаја да ги третираат клучните слабости во системот на контрола на политичкото финансирање. Измените од 2009 година што предвидуваа задолжително поднесување годишен финансиски извештај и квартални извештаи за добиените донации беа напуштени по неполни две години, па со промените од 2011 година се укина обврската за поднесување квартални извештаи. Во 2012 година делумно беа следени препораките на ГРЕКО и на ОБСЕ/ОДИХР и се прецизираа надлежностите на институциите вклучени во контролниот механизам[11]. Последните измени од 2013 година во финансирањето ги вклучуваат и јавните средства за партиски истражувачко-аналитички центри.

10 „Службен весник на РМ“ бр. 76/2004, 161/2008, 96/2009, 148/2011, 142/2012 и 23/2013

11 „Транспарентост во финансирањето на политичките партии – годишен извештај 2011“, Транспарентност Македонија и Фондација Отворено општество - Македонија, јануари 2012.

# Извори на редовното финансирање

## Јавни извори на финансирање

Политичките партии се финансираат од два типа дозволени извори, јавни и приватни. Јавните извори се издвоени 0,06% од вкупните изворни приходи од Буџетот на Република Македонија на годишно ниво. 30% од овие средства се распоредуваат еднакво на сите политички партии што освоиле најмалку 1% од гласовите на излезените граѓани на парламентарните избори, без разлика дали освоиле места во парламентот или не. Преостанатите 70% се распоредуваат на политичките партии чии кандидати се избрани за пратеници во Собранието, сразмерно со бројот на нивните пратеници, односно на политичките партии чии кандидати се избрани за советници на последните локални избори, сразмерно на бројот на избрани советници. Онаму каде што пратеникот, односно советникот е избран како кандидат на коалиција од повеќе партии, законот определува дека средствата се делат еднакво меѓу партиите од коалициите, но дозволена е и поинаква распределба со договор меѓу коалициските партнери.

Во 2013 година беше донесен Закон за партиски истражувачко-аналитички центри[12] (во понатамошниот текст Закон за ПИАЦ), со кој им се дозволува на партиите во својот состав да формираат вакви центри што ќе овозможат „изградба на платформа врз која треба да почива структуирана и квалификувана дебата за политичките процеси во Република Македонија“[13]. За поддршка на овие центри од Буџетот на Република Македонија се обезбедуваат и средства во висина од 280.000 евра во денарска противвредност. Овие средства се распределуваат на првите четири политички партии со најголем број избрани пратеници во Собранието на Република Македонија на последните одржани парламентарни избори, а кои имаат формирано вакви центри, и тоа 60% од вкупните средства еднакво на првите четири политички партии со најголем број избрани пратеници во Собранието. Преостанатите 40% од вкупните средства се распределуваат на најзастапените четири политички партии, и тоа 35% на најбројната, понатаму 30% на втората, 20% на третата и 15% на четвртата по бројност политичка партија. Законот за ПИАЦ определува дека 40% од вкупниот износ доделени на ПИАЦ, се наменети за реализирање на оперативниот дел што предвидува

12 Овој закон ќе се применува од 1 јануари 2015 година.

13 Член 2, Закон за партиски истражувачко-аналитички центри („Службен весник на РМ“, бр. 23 од 14.02.2013 година)

дневно истражување, обработка на податоци за потребите на политичката партија, планирање на идните активности, други активности поврзани со функционирањето и политиката на односната партија, како и трошоците за плата и придонеси на вработените во ПИАЦ, додека другите 60% се наменети за реализирање на проектниот дел, односно организацијата на активности во јавноста, трибини, дебати, семинари, работилници, истражувања на јавното мислење, публикација на студии и истражувања, евалуација на политики, следење на општествените процеси во Република Македонија, меѓупартиски и меѓународни активности и други работи од областа на истражувачко-аналитичките активности и активности во врска со стратешкото политичко планирање.

И покрај тоа што ова законско решение навидум ќе придонесе кон зајакнување на капацитетите на партиите и ќе овозможи интензивирање на каналите за комуникација со јавноста, сепак остануваат отворени неколку прашања. Најнапред, нејасна е забраната за користење на овие средства за директно или индиректно финансирање на конкретната политичка партија. Веројатно, иако невешто, законодавецот сакал да спречи овие средства да се користат за секојдневни трошоци на партиите (на пример, за одржувањето на партиските седишта), но оперативните и проектните активности што законот детално ги елаборира се суштината на работењето на политичките партии. На пример, организацијата на јавна трибина една политичка партија бездруго ја користи за промоција на своите политики и привлекување повеќе членови и симпатизери односно потенцијални гласачи. Понатаму, во смисла на политичкиот натпревар меѓу партиите, овие дополнителни средства ги ставаат во уште поповолна позиција поголемите политички партии што имаат развиени капацитети. Истражувањето на ТМ од 2012 година[14] покажа дека помалите партии се судираат со сериозни финансиски предизвици, и неможноста да допрат до овој „колач“ дополнително ќе им ги намали шансите во политичките битки.

## Приватни извори на финансирање

Дозволените приватни извори за финансирање можат да бидат парични и непарични средства: членарина, донации (пари, материјални средства или услуги), подароци, прилози, дотации, спонзорства, легати и продажба на промотивен и пропаганден материјал. Сите овие подлежат на регулација и

14 „Парите и политиката – Транспарентност во финансирањето на политичките партии: годишен извештај 2012“, Транспарентност Македонија, декември 2012.

висината на секој тип извор е законски ограничена. Така, годишната членарина за еден член на партијата не може да биде повисока од една просечна плата во претходната година (за 2012 година тоа е 20.902 денари[15]). Ограничувањето на висината на донациите зависи од тоа дали станува збор за донација од правни или од физички лица, па така вкупниот износ на поединечната донација од правни лица не смее да ја надмине сумата од 150 просечни плати додека физичките лица смеат да донираат најмногу 75 просечни плати, при што овој износ не смее да биде кумулиран повеќе од еднаш годишно. Истите ограничувања важат и за непаричните донации, какви што се давањето бесплатни услуги и давањето услуги за кои плаќа трето лице. Дарителот на услугата има обврска да ја извести политичката партија за вредноста на дадената услуга, која би се пресметала во согласност со законското ограничување за висината на донациите на годишно ниво. Истото се однесува и на продажбата на стоки и давањето услуги на политичките партии по цени пониски од пазарните. Разликата меѓу пазарната вредност и фактурираната цена се смета за донација. Со измените од 2012 година се воведе обврска за донаторот да ѝ достави фактура на партијата. Во случаи кога постои надминување на границата на висината на донацијата, политичката партија е обврзана да му го врати тој износ на донаторот. Законот изрично забранува донации од анонимни или од неидентификувани извори и предвидува обврска за партијата што добила средства од неидентификуван донатор, истите веднаш да ги префрли на државниот буџет.

Имајќи предвид дека политичките партии ги застапуваат интересите на своите членови и симпатизери од државата, законот предвидува забрана за финансирање од странски извори (влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица) како и постоење партиски средства во странски банки и во финансиски институции надвор од Република Македонија. Забраната за верските заедници или религиозните групи и здруженија да бидат финансиери на партиите е во согласност со уставната поделба меѓу државата и верските заедници. Законот изрично забранува и финансирање на партиите од здруженијата и фондациите[16]. Исклучено е и финансирањето од извори што се под своевидно влијание или контрола од државата, па така, како финансиери не можат да се јават ниту јавни установи, претпријатија и фондови или други правни лица што располагаат или имаат најмалку 20% учество државен капитал, вклучувајќи ги и оние што го започнале процесот на приватизација.

15 Статистички годишник на Република Македонија, 2013, Република Македонија, Државен завод за статистика

16 Ваква изрична забрана содржи и Законот за здруженија и фондации во член 14 („Службен весник на РМ“, бр. 52/2010, 135/2011)

Сите регистрирани политички партии имаат обврска за водење регистар на донации, кој ги содржи сите донации разделени по видот и висината, како и името, односно називот на донаторот. Измените на законот од 2009 година предвидуваа обврска овој регистар да се објавува на веб-страниците и во најмалку еден од дневните весници. Но, со измените од 2011 година обврската за објавување е ограничена на веб-страниците на политичките партии, дополнета со нејасна обврска: „и на друг начин да го направат достапен за јавноста". Значителен број активни политички партии во Република Македонија немаат веб-страници, ниту, пак, Законот за политички партии предвидува обврска за партиите да го сторат тоа. Оттука, непостоењето на соодветни насоки за тоа како ќе ѝ овозможат на јавноста да има увид во регистарот на донации, остава простор за партиите различно да ја толкуваат и да ја избегнуваат оваа обврска[17].

## Контролен механизам

### Извештаи од партиите

Отчетноста на политичките партии се обезбедува преку обврската за партиите да поднесуваат извештаи за финансиското работење до неколку надлежни институции. Годишниот финансиски извештај за претходната година што ги содржи информациите за вкупните приходи[18] и вкупните расходи, партиите најдоцна до 31 март го испраќаат до Државниот завод за ревизија (ДЗР). Министерот за финансии го пропишува образецот за овој извештај, кој вклучува и упатство за пополнување[19]. Понатаму, партиите имаат обврска најдоцна до 31 март до Управата за јавни приходи (УЈП) и до ДЗР да испратат извештај за добиените донации за претходната година. Дополнително, годишната сметка за финансиското работење партиите ја доставуваат до УЈП, Централниот регистар и до ДЗР.

17 „Во врска со обврската овој регистар 'и на друг начин да го направат достапен за јавноста', партиите сметаат дека не е доволно прецизна, дека треба да се објасни и го толкуваат како обврска за објавување на веб-страниците (одговор на НСДП) или, пак, како обврска да се одговори на барање од јавноста за пристап до регистарот (одговор од ЛДП)". „Парите и политиката – Транспарентност во финансирањето на политичките партии: годишен извештај 2012", Транспарентност Македонија, декември 2012.

18 Вкупниот износ на донации, подароци, прилози, дотации, пари, материјални средства, опрема, услуги, сопствени приходи, членарина, легати и друго.

19 Правилник за образецот и упатство за пополнување беше донесен во февруари 2013 и е достапен на веб-страницата на Министерството за финансии.

Законот за финансирање предвидува обврска за Министерството за финансии најмалку еднаш годишно да спроведе обуки на политичките партии за материјално-финансиското работење и за начинот на пополнување на финансискиот извештај.

## Надлежни институции за контрола

Законската рамка за политичкото финансирање им дава надлежност на низа институции во контролниот механизам. Клучно тело е Државниот завод за ревизија, чија улогата се зајакна со измените на Законот за финансирање од 2011 и од 2012 година[20]. ДЗР ги евалуира годишните финансиски извештаи на политичките партии и доколку утврди неправилности во овие извештаи, должен е да поднесе барање за поведување прекршочна постапка или пријава до јавниот обвинител. Понатаму, ДЗР има обврска секоја календарска година да спроведе ревизија за претходната година над сите регистрирани политички партии[21]. Оттука, а во согласност со Законот за државната ревизија[22], доколку овластениот државен ревизор при ревизијата оцени дека субјектот на ревизија сторил прекршок или кривично дело, должен е веднаш да ги извести надлежните органи: Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), Јавното обвинителство на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи. Овие органи мора да постапат по известувањето од ДЗР и да поведат прекршочна, односно кривична постапка.

## Казни

За прекршување на погоренаведените обврски, Законот за финансирање на политичките партии предвидува соодветни парични казни. Доколку

20 Измените беа поттикнати од препораката V на ГРЕКО од евалуацијата од 2009 година: „Да му се дадат на главното независно тело, кое ќе биде, доколку е соодветно, потпомогнато со други органи, мандат и соодветни овластувања и ресурси за да врши проактивен и ефективен надзор, истрага и спроведувања на прописите за политичко финансирање" .

21 Овој елемент е суштината на препораката број 5 од ГРЕКО од третиот круг на оцена на транспарентноста на финансирањето на партиите и извештајот за усогласеност на Република Македонија со дадените препораки. Клучен фактор за реална примена на оваа одредба е обезбедување дополнителни ресурси за ДЗР, кои се неопходни за одржување на целиот механизам на државна ревизија.

22 Член 35, Закон за државната ревизија („Службен весник на РМ", бр. 66/2010, 145/2010)

донаторот го надмине дозволениот износ на донацијата, тој ќе биде казнет со износ од 1.000 до 2.000 евра, ако се работи за физичко лице, и со износ од 5.000 до 10.000 евра доколку станува збор за правно лице. Партиите што на донаторот нема да му ја вратат разликата во средствата што го надминуваат законското ограничување, или нема да ја префрлат донацијата во Буџетот на РМ (ако се работи за средства од анонимен донатор), ќе бидат казнети со најмалку петкратен, а најмногу дваесеткратен износ од висината на донираната вредност. Партиите ќе бидат казнети со најмалку 5.000, а најмногу 10.000 евра, доколку не ја почитуваат обврската за поднесување на погореобјаснетите извештаи, и со казна од 1.000 до 2.000 евра ако не го објават регистарот на донации. Како олеснување за партиите се јавува можноста за порамнување, постапка што се води пред надлежен суд пред поднесување на барањето за поведување прекршочна постапка.

Губењето на правото на финансирање од републичкиот буџет е санкција што е предвидена во два случаи. Првиот, кога се работи за стекнување и противправно користење на средства од забранетите извори и санкцијата се однесува на наредната година (забранетите средства им се одземаат на партиите, односно се префрлаат на државниот буџет со намена за хуманитарни цели). Вториот е кога партијата во пропишаниот рок нема да го објави годишниот финансиски извештај и санкцијата се однесува за период од три месеци. Оваа санкција се применува независно од прекршочната одговорност и одлуките за нив ги донесува министерот за правда на предлог на ДЗР.

Измените од 2012 година предвидуваат дополнителна санкција - суспензија на исплатата на средства за редовно годишно финансирање[23], која по предлог на ДЗР ја донесува министерот за правда, а се однесува на неисполнувањето на обврската за доставување годишен финансиски извештај, извештај за добиените донации и годишната сметка во пропишаниот рок, како и за необјавување на регистарот на донации. Суспензијата трае до уредно исполнување на обврските, меѓутоа не постои прецизен рок.

23 Трет круг на оцена на транспарентноста на финансирањето на партиите, препорака број 6: а) да се осигури механизмот за изрекување на санкции за повреди на правилата за политичко финансирање да функционира ефективно во практиката, и (б) првенствено да се осигури, санкцијата загуба на јавно финансирање за политичките партии и организаторите на изборната кампања да може да се примени во практиката.

# РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО: РЕДОВНО ФИНАНСИРАЊЕ 2012

## Пристап до информации

За потребите на анализата на редовното финансирање на политичките партии, во средината на април 2013 година, со барања за слободен пристап до информации од јавен карактер се обративме до ДЗР, УЈП и до Централниот регистар на Република Македонија. Од овие институции побаравме фотокопии од годишните сметки на сите политички партии што истите ги доставиле и листа на оние политички партии што не ја исполниле својата обврска. ДЗР не ни одговори на поднесеното барање, па се обративме со жалба до Комисијата. По поднесената жалба, ДЗР ни достави целосен одговор на поднесеното барање[24]. УЈП исто така го игнорираше нашето барање, и исто како и ДЗР, пристапи кон доставување одговор по поднесената жалба до Комисијата, односно ни достави фотокопија од годишните сметки на политичките партии што ја исполниле својата обврска. Но во делот од барањето за листа на оние политички партии што не ја исполниле оваа обврска, нè извести дека воопшто не располага со информацијата колку политички партии постојат во Република Македонија, па согласно на тоа не биле во можност да ни ја дадат информацијата кои политички партии не ја исполниле својата обврска за поднесување годишни сметки. УЈП побара од нас да ѝ доставиме информација колку политички партии постојат во Република Македонија, па врз основа на

24 http://www.spinfo.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3740:slucaj-05&catid=1443&Itemid=692&lang=mk

тоа да ни ја дадат бараната информација, а доколку не постапиме по нивното барање, со заклучок ќе констатирале дека барањето сме го повлекле. Комисијата ја согледа погрешната практика на УЈП и ја задолжи да ни достави целосен одговор на поднесеното барање. Десет дена по изминување на рокот со кој УЈП беше задолжена за доставување одговор, пристапија кон доставување целосен одговор на поднесеното барање, односно листата на оние политички партии[25] што не ја исполниле обврската за доставување годишна сметка.

Централниот регистар на Република Македонија, пак, се согласи да ни ја достави бараната информација, но нè информира дека пристапиле кон спроведување тест на штетност и констатирале дека доставувањето на бараната информација би предизвикало штетни последици по финансиското работење на институцијата, односно информацијата би ја добиле доколку уплатиме парични средства согласно со Тарифата на Централниот регистар, а не согласно со Одлуката на Владата на РМ за утврдување на надоместокот за материјалните трошоци[26]. Ваквиот став на Централниот регистар го делеше и Комисијата, која ја одби нашата жалба со образложение дека кога постои законски утврден тарифник во одредена институција за давање фотокопии или препис од документи, правилно било да се примени соодветниот тарифник, а не Одлуката на Владата[27].




Графикон 1: Одговори на поднесени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до ДЗР, УЈП и до Централниот регистар на Република Македонија.

Проверката на тоа колку политичките партии ги исполнуваат редовните законски обврски, ја продолживме со испраќање барања за слободен пристап до ДЗР и до УЈП, од кои побаравме фотокопија од извештаите за донации на оние политички партии што истите ги доставиле

25 http://www.spinfo.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3742:slucaj-01&catid=1482&Itemid=692&lang=mk

26 Одлука на Владата на РМ за утврдување на надоместокот за материјалните трошоци за дадена информација од иматели на информации бр. 19-6310.1 од 24.12.2006 година.

27 http://www.spinfo.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3744:slucaj-01&catid=1484&Itemid=692&lang=mk

и листа на оние политички партии што не ја исполниле обврската. ДЗР повторно стори повреда на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и не достави одговор во законски предвидениот рок, односно достави одговор по поднесената жалба до Комисијата. УЈП, пак, нѐ извести дека извештаите за добиени донации ги има објавено на својата веб-страница, а во однос на листата на оние што не исполниле обврска за поднесување извештај за донации, произлегувало дека оние политички партии што не се објавени на веб-страницата, не поднеле извештаи за донации.

Незадоволни од ваквиот несериозен пристап и сериозно кршење на одредбите од Законот за слободен пристап, поднесовме повторно барање до оваа институција со цел да ни овозможи целосно запознавање со бараната информација, и по поднесување на истото конечно ги добивме бараните фотокопии од извештаите за донации. Во однос на листата на оние политички партии што не ја исполниле оваа обврска, УЈП остана децидна дека не располага со информацијата колку политички партии има во Република Македонија.

Клучно беше да се обратиме до ДЗР и да побараме фотокопии од годишните финансиски извештаи на оние политички партии што истите ги доставиле до оваа институција и листа на оние политички партии што не ја исполниле оваа законска обврска. Повторно се соочивме со молк од страна на ДЗР, и повторно по поднесената жалба до Комисијата, ДЗР пристапи кон доставување целосен одговор на поднесеното барање[28].

## Анализа на извештаите

Анализиравме годишни финансиски извештаи на 14 политички партии од регистрирани 48 (ВМРО-ДП, ВМРО-ДПМНЕ, Социјалдемократски сојуз – СДСМ, Демократска партија на Србите, Деморатски сојуз, Демократска партија на Албанците, Демократска партија на Турците, Демократска унија за интеграција, Либерална партија, Народно движење за Македонија, Нова социјалдемократска партија – НСДП, Обединета партија за еманципација, Социјалдемократска партија на Македонија, Социјалистичка партија).

28 За молчење то на институциите види погоре страница 8 и подолу страница 42.




Графикон 2: Сооднос на вкупниот број регистрирани политички партии, бројот на доставените годишни финансиски извештаи, бројот на доставените извештаи за добиени донации до УЈП и ДЗР и бројот на доставените годишни сметки до ДЗР.

Кај дел од партиите (Демократска партија на Србите и Обединета партија за еманципација) годишниот финансиски извештај не е во пропишаната форма, додека кај неколку партии и покрај тоа што извештајот е подготвен во согласност со предвидениот образец, недостасуваат елементи како датум, име на лицето кое го изготвило извештајот, потпис или, пак, комплетните податоци за претходната година (ВМРО Демократска партија, ДПА, Демократска партија на Турците, Народно движење за Македонија, ДУИ). Во извештајот на Социјалистичка партија на Македонија, кој не е во согласност со предвидениот образец, вметнати се нејасни категории „Купувачи“ и „Добавувачи“. Социјалдемократска партија на Македонија изготвила извештај според предвидениот образец, но сосема нелогично не го запишала седиштето на партијата.

Ги анализиравме и извештаите за донации од само 10 партии што ја исполниле обврската (ВМРО-ДП, ВМРО-ДПМНЕ, Демократски сојуз, Либерална партија, Народно движење за Македонија, НСДП, СДСМ, Политичка партија Достоинство, ДУИ, Партија за европска иднина). Кај повеќето, овие извештаи беа во согласност со поднесените годишни финансиски извештаи (ВМРО-ДП, ВМРО-ДПМНЕ, Демократски сојуз,  Либерална партија, Народно движење за Македонија, НСДП, СДСМ). Нејасно е зошто политичката партија Достоинство наместо да достави извештај, испратила писмо во кое образложува дека во 2012 година не примила донации, како и Одлука со која го известува Централниот регистар дека нема обврска да изготвува и да доставува годишна сметка за 2012 година повикувајќи се на член 18 од (неважечкиот) закон за здруженија на граѓани и фондации, според кој секоја непрофитна организација чија вредност на имотот или вредноста на годишниот промет е помала од  2.500 евра во денарска противвредност не е должна да изготви и достави годишна сметка.

Од извештајот на ДУИ се гледа практиката на македонската политичка сцена да постои непишана или пишана обврска за донации на членовите на политичките партии кои се назначени или избрани функционери или вработени во  институциите[29], па така извештајот набројува лица од 15 институции вклучително и Собранието кои донирале средства.

29 „Парите и политиката – Транспарентност во финансирањето на политичките партии: годишен извештај 2012“, Транспарентност Македонија, декември 2012.

# ФИНАНСИРАЊЕ ИЗБОРИ

Изборниот законик[30] ја дава деталната рамка за политичкото финансирање за време на избори. Учесниците на изборите[31], кои законот ги нарекува организатори на кампања, ја спроведуваат изборната кампања во текот на 20 дена пред денот на изборите. Оваа кампања ги вклучува сите активности за промоција на кандидатите какви што се: јавно собирање и други јавни настани, јавно истакнување плакати, видеопрезентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и на нивните програми.

Во последниве три години Изборниот законик помина низ неколку измени, оние од 2011 година што им претходеа на предвремените парламентарни избори од истата година, промените од ноември 2012 година и последните измени пред одржувањето на локалните избори во април 2013[32].

30 „Службен весник на РМ“, бр. 40/2006, 127/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013.

31 Подносителите на листи на кандидати за избор на претседател на Републиката, пратеници, членови на совет и градоначалници.

32 Политичката криза што настана по бруталното истерување на опозициските пратеници и новинарите од Собранието на 24 декември 2012 додека траеше процедурата за усвојување на буџетот доведе до бојкот на опозицијата на парламентот. На почетокот на јануари 2013 година, опозицијата побара исполнување на неколку барања, меѓу кои беа реформа на Изборниот законик и екстензивно пречистување на Избирачкиот список, од чие исполнување зависеше и нивното учество во локалните избори закажани за 2013 година. Меѓутоа, и покрај неисполнувањето на сите барања, со посредство на Европската Унија, на 1 март 2013 година беше потпишан т.н. „Мартовски договор“ меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, со кој меѓу другите обврски за двете страни, се предвиде и учество на опозицијата на локалните избори. Ваквата состојба доведе до потреба од измена на Изборниот законик за продолжување на роковите за регистрирање кандидати за градоначалници и советници.

## Како се финансираат изборните кампањи

Изборниот законик ги регулира изворите, видот и висината на средствата за финансирањето на изборните кампањи. Важечката законска рамка ги предвидува членарината и донациите како дозволени извори за финансирање на изборната кампања. Законот понатаму го регулира и видот на дозволените донации вклучувајќи ги финансиските средства, бесплатните услуги, услугите за кои плаќа трето лице, како и продажбата на стоки или давањето услуги на организаторот на кампањата по цени пониски од пазарните, каде што разликата меѓу пазарната и платената вредност се смета за донација. Во оваа група влегуваат и попустите што радиодифузерите и печатените медиуми им ги нудат на партиите за политичко рекламирање.

Искуствата од парламентарните избори од 2011 година покажаа дека постои различно толкување околу тоа што се смета за дозволен вид донација. Од една страна, дел од експертите сметаат дека Изборниот законик јасно ги наведува забранетите извори на финансирање, како и дозволените извори што подлежат на посебен режим[33]. Ако еден извор[34] не е ниту во едната ниту во другата категорија, истиот не треба да се исклучи како дозволен извор на финансирање. Од друга страна, дел од надлежните институции (ДКСК) имаат порестриктивно толкување и сметаат дека легални извори се само оние што се наброени во законот. Токму можноста да постојат две апсолутно спротивни толкувања, покажува дека во Изборниот законик има недоречености што оставаат простор за злоупотреби. И покрај нашите препораки во изминатите две години Изборниот законик не беше дополнет со прецизирање и сè уште постои оваа слабост[35].

Физички лица смеат да донираат сума до 5.000 евра, меѓутоа не постои законско барање да се утврди потеклото на овие средства. Повторно ТМ и во извештаите од 2011 и од 2012 година укажа дека оваа непрецизна формулација остава можности за злоупотреба и појава на анонимни донатори[36].

33 Годишен извештај, „Транспарентност во финансирањето на политичките партии“; Транспарентност Македонија и Фондација Отворено општество – Македонија, 2011 година
34 Во случајов се работи за регистрираната донација од Комерцијална банка АД Скопје за коалицијата на СДСМ во вид на кредит за предвремените парламентарни избори во 2011година.
35 Годишен извештај, „Транспарентност во финансирањето на политичките партии“; Транспарентност Македонија и Фондација Отворено општество – Македонија, 2011 година; „Парите и политиката – Транспарентност во финансирањето на политичките партии: годишен извештај 2012“, Транспарентност Македонија, декември 2012.
36 Со нашиот став се сложија поголем дел од партиите што беа дел од истражувањето во 2012 година. „Парите и политиката – Транспарентност во финансирањето на политичките партии: годишен извештај 2012“, Транспарентност Македонија, декември 2012.

Кога како донатор се јавува правно лице, донацијата не смее да надмине вредност во висина до 5% од вкупниот приход на правното лице во текот на претходната година. Според мислењето на дел од експертската јавност и ОБСЕ/ОДИХР[37], начинот на регулирање на донациите од правни лица доведува до нарушување на принципот на еднаквост во изборниот натпревар, бидејќи дозволените 5% од приходот на донаторот може да биде многу мала, но и многу голема сума, во зависност од финансиската успешност на компанијата донатор. Оттука, ваквата одредба е дискриминаторска и им дава нефер предност на големите ентитети.

Слично како и кај редовното финансирање, изборната кампања не смее да се финансира од средства од јавни претпријатија и јавни установи, од здруженија, верски заедници, религиозни групи и фондации, странски влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица, средства од претпријатија со мешовит капитал, каде што е доминантен странскиот капитал, и средства од неидентификувани извори.

Регулирана е и сумата (180 денари) која организаторот на кампањата може да ја потроши по запишан избирач во изборната единица, односно општината за која има поднесено листа на кандидати, односно листа на кандидат. За последните избори од 2013 година, избирачкиот список броеше 1 743 403 гласачи, што значи дека на организаторите на изборните кампањи им беше дозволено да потрошат 313 812 540 денари (приближно 5 милиони евра).

Изборниот законик предвидува и надоместок на трошоците за изборите. Организаторите на кампањи чии кандидати се избрани, добиваат надоместок во висина од 15 денари по добиен глас. Меѓутоа, надоместок добиваат и оние организатори што не добиле мандати, и тоа во висина од 15 денари по добиен глас, доколку освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број гласови од излезените граѓани. Овие средства се исплаќаат од Буџетот на Република Македонија, односно од буџетот на општината и на Градот Скопје најдоцна во рок од три месеци по поднесувањето на финансискиот извештај за изборната кампања, врз основа на извештајот на Државната изборна комисија за спроведените избори. Надоместокот може да изостане за оние организатори на кампањи во чии извештаи Државниот завод за ревизија ќе утврди неправилности и ќе иницира постапки пред надлежните судови.

37 JOINT OPINION ON THE ELECTORAL CODE OF “THE FORMER YUGOSLAV REPUBLIC OF MACEDONIA” , Adopted by the Council for Democratic Elections at its 45th meeting (Venice, 13 June 2013) and by the Venice Commission at its 95th Plenary Session (Venice, 14-15 June 2013) on the basis of comments by Mr Oliver KASK (Member, Estonia) and Mr Donald BISSON (Expert, OSCE/ODIHR); EUROPEAN COMMISSION FOR DEMOCRACY THROUGH LAW (VENICE COMMISSION) AND OSCE OFFICE FOR DEMOCRATIC INSTITUTIONS AND HUMAN RIGHTS (OSCE/ODIHR); Opinion No . 700/2012 ;CDL- AD(2013)020; Warsaw, Strasbourg, 18 June 2013

Организаторите на изборните кампањи имаат обврска да отворат наменска жиро-сметка преку која ќе се покриваат сите трошоци за кампањата. Оваа сметка задолжително се отвора во домашна банка, и на неа организаторот на кампањата ги депонира средствата добиени од донаторите. Во изминатите две години ТМ укажуваше[38] на слабостите во врска со отворањето и времетраењето на наменската жиро-сметка за потребите на кампањата. Обврската за затворањето на сметката настапуваше откако ќе биде исплатен надоместокот од буџетските средства за секој добиен глас на изборите. Во практика тоа значеше затворање на овие сметки во рок од три месеци по поднесувањето на финансискиот извештај за изборната кампања, рок во кој, според донесената одлука на Собранието, ќе следи исплата на надоместокот. Оттука, во 2011 година воопшто не беше јасно дали се возможни и дозволени какви било трансакции преку овие сметки во периодот помеѓу изборите и денот на затворање на сметката, особено во однос на подмирувањето на кумулираните долгови на учесниците во изборите. Во таа смисла, како проблем се јавуваше и времето кога е дозволено да бидат активни наменските сметки за изборните кампањи[39]. Измените на Изборниот законик од 2012 третираат дел, но не ги отстранија сите забележани пропусти. За последните избори организаторите на изборни кампањи задолжително обезбедуваа Единствен даночен број со назнака „за изборна кампања" и отвораа трансакциска сметка со назнака „за изборна кампања". Донациите за финансирање на изборната кампања можат да се уплатуваат исклучиво на оваа сметка најдоцна до рокот определен за доставување на вкупниот финансиски извештај, односно 30 дена од денот на завршување на изборната кампања. Вака формулираниот рок значи дека учесниците во изборите имаат доволно време откако ќе се знаат изборните резултати да пресметаат идни

38 Годишен извештај, „Транспарентност во финансирањето на политичките партии"; Транспарентност Македонија и Фондација Отворено општество – Македонија, 2011 година; „Парите и политиката – Транспарентност во финансирањето на политичките партии: годишен извештај 2012", Транспарентност Македонија, декември 2012.

39 „Ги прашавме партиите за нивните искуства со наменската сметка, возможните проблеми при нејзиното отворање и затворање, и конечно дали имаат став околу нашите предупредувања за можните злоупотреби. Повторно добивме оскудни одговори и различни ставови, па така СДСМ, НСДП и СНСМ немале проблеми со отворањето, за ЛДП отворањето и затворањето на сметката значи премногу бирократија, а ЛП, без да даде повеќе детали, вели дека проблем е нејзиното затворање. НДП вели дека партиите имаат малку време од денот на пријавување на листите до отворањето на сметката. Сите партии се согласуваат дека периодот што го опфаќаат извештаите треба да се промени и треба да го покрива периодот од отворањето на жиро-сметката до затворањето на истата како би соодветствувале со фактичката состојба." „Парите и политиката – Транспарентност во финансирањето на политичките партии: годишен извештај 2012", Транспарентност Македонија, декември 2012.

„интереси", особено можност да ги контролираат надлежните институции и оттука да се одлучат дали воопшто, како и од каде ќе ги покријат трошоците од кампањата. Понатаму, законот ниту содржи одредба за затворањето на оваа сметка ниту, пак, определува на која сметка ќе се уплати надоместокот за трошоците за изборите.

## Контрола на финансирањето на изборните кампањи

Контролата на финансирањето вклучува обврски за организаторите на изборните кампањи и за надлежните институции.

Од 2011 година законскиот апарат за набљудување предвидува за организаторите на кампањи обврска за поднесување извештаи, и тоа континуирано додека кампањата е во тек. Така, организаторот на изборната кампања е должен единаесеттиот ден од денот на кампањата да го поднесе првиот финансиски извештај за приходите и расходите на жиро–сметката во овој временски период. Вториот извештај се однесува за втората половина од кампањата, и се поднесува еден ден по нејзиното завршување. На крајот на кампањата, односно по завршувањето на изборите, организаторите се должни да поднесат вкупен финансиски извештај. Извештаите се поднесуваат до Државната изборна комисија (ДИК), Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни да ги објават на своите веб-страници. Вкупниот финансиски извештај се поднесува и до Собранието на Република Македонија, а за локалните избори и до советите на општините и Советот на Град Скопје.

Сите три извештаи се поднесуваат на образец пропишан од министерот за финансии, во кој се содржани податоците за името, односно називот на донаторот, видот и вредноста на донациите, датумот на добивање на донациите и расходите за секоја донација и приходите и расходите за време на изборната кампања. Правилник за образецот што вклучува и упатство за пополнување беше донесен во февруари 2013 година. Меѓутоа уредно пополнетиот пропишан образец не ги покажува деталните расходи, па така не е јасно за што точно се потрошени средствата. Упатството за секоја позиција вклучува низа расходи што се изразуваат во еден износ (на пример, позицијата под реден број 2 - Други материјални расходи, го вклучува износот на расходи за платени административни такси, издатоци за стручна литература, списанија и весници, расходи за регистрација на моторни и други возила и други материјални расходи што не се споменати во другите позиции). Понатаму во делот каде што се запишуваат донациите,

во случај кога како донатор се јавува правно лице не е возможно да се види дали донираната вредност, изразена во парична вредност, ја надминува дозволената вредност во висина до 5% од вкупниот приход на донаторот во текот на претходната година. Неопходно е образецот за извештајот да содржи дополнителни релевантни податоци, како, на пример, завршната сметка за донаторите правни лица.

Клучен орган за контрола на изборното финансирање е ДЗР, кој во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на финансискиот извештај е должен да спроведе ревизија. Ревизијата се однесува на периодот од денот на отворањето на трансакциската сметка за изборната кампања до завршувањето на трансакциите на таа сметка. Координацијата и комплементарноста на активностите меѓу ДЗР, ДИК и ДКСК е зајакната со потпишувањето на Меморандум за соработка за размена на информации за утврдени неправилности во врска со доставените финансиски извештаи и преземените мерки.

## Санкции

Тешките повреди против изборниот процес се регулирани со одредбите од Кривичниот законик[40]. Меѓу другите кривични дела поврзани со изборите[41], Кривичниот закон го предвидува и делото **злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања**. Организаторот на кампањата кој нема да го пријави изворот на финансии, ќе го спречи надзорот над трошењето на средствата, нема да поднесе финансиски извештај, ќе ги пречекори законски дозволените ограничувања за висината на средствата и ќе користи недозволени средства, ќе биде казнет со затвор во траење од најмалку 5 години. Казна во висина од 5 години затвор е наменета и за одговорното лице од правното лице донатор кое нема да ги пријави донациите, ќе обезбеди недозволени или средства повисоки од дозволените, нема да поднесе извештај или ќе даде лажни и непотполни информации за донациите и ќе го попречи надзорот над финансирањето на кампањата. Казна до 3 години затвор е предвидена и за оној што тајно ќе донира за туѓа изборна кампања

40 „Службен весник на РМ“, бр. 37/1996, 80/19999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011

41 Кривични дела против изборите и гласањето: Спречување на избори и гласање; Повреда на избирачкото право; Повреда на слободата на определување на избирачите; Злоупотреба на избирачкото право; Поткуп при избори и гласање; Повреда на тајноста на гласањето; Уништување на изборниот материјал; Изборна измама; Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања.

или за кампања за избори во кои самиот учествува, со износ што во поголема вредност го надминува законскиот максимум. Кога овие злоупотреби ќе ги стори правно лице е предвидена парична казна. Овие злоупотреби повлекуваат и забрана за вршење на професија, дејност или должност и забрана за користење на средствата за финансирање на политичките партии.

Дополнително, Изборниот законик ги одредува глобите за прекршувањата во врска со финансирањето на изборната кампања и контролата на истото. Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра ќе му се изрече за прекршок на организаторот на изборната кампања доколку не ги достави трите погореобјаснети финансиски извештаи во утврдените рокови. Истата висина на глоба ќе ѝ се изрече на партијата доколку во изборната кампања потрошила повеќе од дозволеното или користела средства од недозволени извори. За овие прекршоци на одговорното лице му следува глоба од 500 до 1.500 евра.

Во согласност со препораките од ГРЕКО[42], Изборниот законик во 2012 година воведе и нов вид санкција, губење на надоместокот на трошоците за изборна кампања, за оние политички партии што нема да ги почитуваат ограничувањето на потрошените средства за изборната кампања и доставувањето на финансиските извештаи. Делумно губење на надоместокот ќе им следува на оние организатори на кампања што ќе го надминат дозволениот износ на трошоци за изборната кампања, а тоа се состои во намалување на износот за надоместок онолку колку што е надминат дозволениот лимит за трошење во изборна кампања. Доколку висината на износот на средствата со кои е надминат дозволениот лимит е поголема од износот за надоместокот, ќе се определи целосно губење на надоместокот на трошоците за изборната кампања. Забрана за исплата на надоместокот на трошоците следува во случаите кога во пропишаниот рок и содржина не ги достават финансиските извештаи и ова трае до уредно исполнување на обврската. Одлуката за делумно, односно целосно губење на надоместокот на трошоците за изборна кампања од ставовите, како и одлуката за запирање на исплатата, ја носи ДИК на предлог на ДЗР. Против оваа одлука, која е конечна, може да се поведе управен спор.

42 Измените беа поттикнати од препораката VI на ГРЕКО од евалуацијата од 2009 година „да се обезбеди ефективно функционирање во практиката на механизмот за примена на казнените мерки за повреди на правилата за политичко финансирање и, пред сè, да се овозможи примена во практиката на казнената мерка губење на државните средства за политичките партии и организаторите на изборните кампањи."

# РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО: ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2013[43]

Локалните избори од 2013 година беа важни од неколку причини. Имајќи предвид дека учеството на опозициските партии беше неизвесно до само четири дена пред започнувањето на изборната кампања, постоеше опасност од загрозување на легитимноста на изборниот процес и сериозно нарушување на демократските вредности што Република Македонија претендира да ги негува[44]. Понатаму, анализата на транспарентноста на политичкото финансирање, која ТМ ја спроведува три години по ред, доби на тежина со можноста да се евалуира и процес на финансирање локални избори.

Локалните избори се одржаа на 24 март 2013 година и во нив учествуваа 16 политички партии, 8 коалиции и 97 групи избирачи, кои поднесоа 481 листа на кандидати за членови на советите на општините и членови на Советот на Град Скопје, со вкупно 8.528 кандидати за советници, поднесени од 106 подносители (коалиции, политички партии и група граѓани) и 350 листи на кандидат за градоначалник на општините и градоначалник на градот Скопје, со вкупно 350 кандидати за градоначалници, поднесени од 45 подносители (коалиции, политички партии и групи граѓани)[45].

Во согласност со Изборниот законик, изборната кампања започна на 4 март и траеше до полноќ на 22 март за првиот круг на изборите и 5 април за вториот круг.

43 Претседателот на Собранието на РМ, на 11 јануари 2013 година донесе „Решение за распишување на изборите за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на градот Скопје“ број 08-180/1 од 11 јануари 2013 година и истото беше објавено во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2013 од 11.01.2013 година.
44 Види фуснота 30.
45 Извештај за спроведените избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје во 2013 година; Државна изборна комисија, 2013.

## Пристап до информации

Во согласност со погореобјаснетата методологија, изборното финансирање го анализиравме преку трите извештаите за финансирање на изборната кампања. Имајќи предвид дека со одлука на Комисијата за слободен пристап, потврдена од Управниот и од Вишиот управен суд[46] бевме спречени директно да им се обратиме на политичките партии, барања за слободен пристап упативме до Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата и Државниот завод за ревизија. Овој процес се покажа како исклучително сложен и тегобен, и вклучуваше и постапки пред Комисијата и поведување постапки пред Управниот суд.

Од овие институции најнапред ги побаравме финансиските извештаи за приходите и расходите на жиро–сметката за изборната кампања од денот на нејзиното отворање до крајот на десеттиот ден од изборната кампања. Исто така, од овие институции, побаравме и листа на оние организатори на изборни кампањи што не ја исполниле обврската за поднесување финансиски извештај за првите десет дена од изборната кампања.

ДКСК, која спротивно на одредбите од Законот за слободен пристап, со допис нè извести дека бараната информација е достапна на веб-страницата на институцијата, а во однос на листата на оние организатори на изборни кампањи што не ја исполниле обврската за поднесување финансиски извештај, донесе Заклучок со кој ја прекина постапката од причина што смета дека не располага со бараната информација. ДЗР, иако по поминување на законскиот рок од 30 дена за доставување одговор, ни ги достави бараните финансиски извештаи, пропушти да ни достави листа на оние организатори на изборни кампањи што не ја исполниле обврската за поднесување финансиски извештај. Бевме принудени повторно да се обратиме до ДЗР со поднесување повторно барање, но на истото не добивме одговор. ДИК достави одговор на поднесеното барање, но по споредбата со извештаите што се објавени на веб-страницата на истата институција, заклучивме дека не ни е доставен целосен одговор, односно е пропуштено да се доставаат одреден број финансиски извештаи на организатори на изборни кампањи или, пак, тие организатори не се внесени во листата на оние што не ја исполниле обврската.

Незадоволни од вака добиените одговори од надлежните институции, користејќи ги можностите што ни ги нуди Законот за слободен пристап, се

46 http://www.spinfo.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3530:soopstenie-finansiite-na-politickite-partii-pod-zakrila-na-instituciite&catid=89&Itemid=611&lang=mk

обративме до Комисијата со поднесување жалби. ДЗР и ДИК, по поднесување на жалбите, пристапија кон доставување целосен одговор на поднесените барања без притоа да чекаат Комисијата да ги обврзе да го сторат истото. ДКСК и по поднесување на жалбата не пристапи кон доставување одговор, ниту, пак, Комисијата во законски рок се произнесе по поднесената жалба. Оттука, бевме принудени да поведеме управен спор поради молчење на администрација. Па така, иако согласно со Законот за слободен пристап, Комисијата треба да реши по поднесената жалба во рок од 15 дена од денот на поднесување на истата, тоа не се случи, односно конечно по изминување на повеќе од 4 месеци, Комисијата се произнесе по поднесената жалба и донесе Решение со кое ја задолжи ДКСК да одговори на начин и форма како што е наведено во барањето.

Понатаму, до истите институции, повторно се обративме со барања за слободен пристап, со цел да ги добиеме финансиските извештаи за приходите и расходите на жиро-сметката за вторите 10 дена од изборната кампања и листа на оние организатори на изборни кампањи што не ја исполниле обврската.

ДЗР не ни достави одговор на поднесеното барање во законскиот рок од 30 дена. ДКСК постапи идентично како и во однос на поднесеното барање за финансиските извештаи за првите 10 дена од изборната кампања, односно повторно нѐ упати на својата веб-страница, а во однос на листа на оние организатори на изборни кампањи што не ја исполниле својата обврска, нѐ извести дека не располага со таква информација. Единствен позитивен пример беше ДИК, која во законски утврдениот рок постапи по поднесеното барање и ни ги достави бараните информации.

Незадоволни од молчењето на ДЗР и неподготвеноста за соработка на ДКСК, повторно ја искористивме законската можност да се обратиме со жалба до Комисијата. ДЗР по поднесената жалба, се произнесе по истата и ни достави одговор на поднесеното барање, но нецелосен, односно пропушти доставување листа на оние организатори на изборни кампањи што не ја исполниле својата законска обврска. Бевме принудени повторно да се обратиме до Комисијата со цел доуредување на жалбата, па конечно по речиси 4 месеци од поднесеното барање до оваа институција, добивме целосен одговор. Во однос на поднесеното барање до ДКСК, бевме принудени да поминуваме низ истиот правен лавиринт како и кога се обративме за барањето за финансиските извештаи за првите десет дена од изборната кампања, односно најнапред повторно барање до ДКСК, па жалба до Комисијата, до поведување управен спор, за конечно по речиси 6 месеци да добиеме одговор на поднесеното барање.

По завршување на изборната кампања, повторно се обративме до ДИК, ДЗР и ДКСК, но и до Собранието на Република Македонија со цел да ни бидат доставени фотокопии од вкупните финансиски извештаи на организаторите на изборни кампањи што ги доставиле истите и листа на оние што не ја исполниле оваа обврска. Согласно со член 85 став 3 од Изборниот законик, кога станува збор за локални избори, организаторите на изборни кампањи покрај тоа што имаат обврска вкупните финансиски извештаи да ги достават до погоренаведените институции, задолжително е доставување на истите и до советите на општините и до Советот на Град Скопје. Па така, се обративме до советите на сите општини во Република Македонија и до Советот на Град Скопје (вкупно 81 општина).

ДИК одговори во законски предвидениот рок и во целост ни ги достави бараните информации. ДЗР повторно го игнорираше нашето барање и пристапи кон доставување целосен одговор дури по поднесување жалба до Комисијата. По повод ова барање со ДКСК влеговме во преписка за толкување на одредбите од „Роковникот за дополнување на Роковникот на изборни дејства за спроведување на локалните избори во 2013“[47] година за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје донесен од Државната изборна комисија. Барањето за слободен пристап го испративме на 24 април 2013 година. Државната комисија за спречување на корупцијата со допис нè извести дека рокот за доставување вкупни извештаи сè уште тече, а по истекот на истиот, вкупните извештаи ќе бидат достапни на нивната веб-страница. Па така, по игнорирањето на повторното барање кое го поднесовме до ДКСК, правдата моравме да ја побараме пред Комисијата со образложение дека новата точка VII.2.А од цитираниот роковник гласи:

> „Организаторите на изборни кампањи чии кандидати учествуваат на избори или прегласување на избори, вкупниот финансиски извештај за изборната кампања го поднесуваат најдоцна 30 дена по конечноста на резултатите од изборите или прегласувањето“.

Овој продолжен рок се однесуваше за оние организатори на изборни кампањи што учествуваа на прегласувањето на изборите на 21 април 2013 година, односно гласање за втор круг или прегласување. Следствено на тоа, на организаторите на изборни кампањи што не учествувале на прегласување на избори или гласање во втор круг, обврската за поднесување вкупен финансиски извештај им била најдоцна до 24.00 часот на 21 април 2013 година, во согласност со точка VII.2 од цитираниот роковник. Повторно

47 http://www.sec.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=92&Itemid=102

влеговме во правниот лавиринт, од поднесување жалба до Комисијата, до поведување управен спор поради молчење на администрација, за конечно по повеќе од 3 месеци, Комисијата да се произнесе по поднесената жалба и на наше задоволство ја уважи истата и ја задолжи ДКСК да ја достави бараната информација во целост како наведена во барањето[48].

Собранието на Република Македонија во законски рок ни одговори на поднесеното барање и ни достави фотокопии од финансиските извештаи на оние организатори на изборни кампањи што ја исполниле својата обврска, но во однос на листата на оние што не ја исполниле оваа обврска, најнапред нè извести дека не изготвува ваква листа, а по поднесување на нашето повторно барање, ни достави допис со кој нашето барање го препраќа во ДИК. Одговор до денот на изработката на оваа анализа, не добивме.




Графикон 3: Одговори на поднесени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до ДЗР, ДКСК, ДИК и до Собранието на Република Македонија.

Со барања за слободен пристап до информации од јавен карактер се обративме и до советите на општините во Република Македонија, но наидовме на поразителни резултати во поглед на тоа колку реално го познаваат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Па така, од вкупно 81 општина во Република Македонија, 38 општини (47% од вкупниот број општини во РМ) ни доставија одговор во законскиот рок од 30 дена, но само од 15 општини (19% од вкупниот број општини во РМ) добивме целосен одговор на она што го баравме како информација. Другите 23 општини (28% од вкупниот број општини во РМ) не ни доставија целосен одговор, односно дел од општините ни одговорија дека не се иматели на

48 http://www.spinfo.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3734:slucaj-07&catid=1423&Itemid=692&lang=mk

информацијата што ја бараме, дел ни дадоа грешни информации, а дел од општините не ни доставија листа на оние организатори на изборни кампањи што не ја исполниле обврската за доставување вкупни извештаи). На дел од општините (12 општини) им се обративме со повторни барања, но само од 5 општини добивме целосен и навремен одговор. Од 4 општини (5% од вкупниот број општини во РМ) добивме задоцнет, но целосен одговор, од 9 општини (11% од вкупниот број општини) добивме задоцнет и нецелосен одговор, а од преостанатите 30 општини (37% од вкупниот број општини во РМ) до денот на објавување на анализата воопшто не добивме никаков одговор.

| 81 општина во Република Македонија | |
|---|---|
| Целосен одговор во законски рок | 15 општини (19%) |
| Одговор во законски рок, но нецелосен | 23 општини(28%) |
| Задоцнет одговор, но целосен | 4 општини(5%) |
| Задоцнет и нецелосен одговор | 9 општини(11%) |
| Молчење | 30 општини (37%) |

Табела 1: Одговори од општините на поднесените барања за фотокопии од вкупните финансиски извештаи на организаторите на изборни кампањи и листа на оние организатори што не ја исполниле таа обврска.

## Анализа на извештаите

Имајќи ја предвид погореобјаснетата „битка“ со надлежните институции за да ги добиеме финансиските извештаи, беше исклучително проблематично да се направи процена за тоа колку и кои организатори на изборни кампањи ги доставиле финансиските извештаи. Сепак, успеавме најнапред да направиме приказ на исполнувањето односно неисполнувањето на оваа обврска[49] и да ја анализираме содржината на оние извештаи што ни беа достапни.

Во врска со финансиските извештаи за првиот дел од изборната кампања на политички партии и коалиции, анализиравме вкупно 22 извештаи што ни беа доставени од трите надлежни институции. И покрај постоењето на

49 Види прилог 2.

образец и упатство за негово пополнување, увидовме дека 2 партии не го следеле правилото за известување (Народно движење за Македонија, Сојуз на Титови леви сили), а Партијата за европска иднина со писмо објаснува дека извештајот не е во соодветниот образец бидејќи добиле само една донација во износ од 1.000 денари (што го потврдуваат со извод од сметката). Има и такви партии што и покрај тоа што не добиле никакви донации ниту, пак, имале расходи, доставиле извештај до надлежните институции (Обединети демократски сили на Ромите, Српска напредна странка) во кој нотираат износ од 0 приходи и 0 расходи.

Кај дел од партиите (СДУ, Движење за национално единство на Турците, Национална демократска преродба и Демократска партија на Турците на Македонија) нејасно е и нотирањето во делот од образецот **останати приходи**, кој е различен од **приходи од донации**, каде што дел од партиите запишале „сопствени средства“. Имајќи предвид дека Изборниот законик регулира дозволени и недозволени извори, во оваа ставка е потребно дообјаснување за потеклото и за видот на овие средства.

Понатаму, анализиравме вкупно 69 извештаи од групи избирачи, од кои само 19 имаат приходи и расходи, 43 се во согласност со пропишаниот образец а нотираат нула приходи и расходи, и 7 извештаи не се во пропишаната форма. Дел од овие (6) до надлежните институции испратиле известување дека не добиле донации, немаат приходи и немаат расходи. Меѓутоа забележливо е дека дел (4) не сфатиле што значи **вид на донација** па наместо „парични средства“ запишале „самофинансирање“.

Кај анализираните втори финансиски извештаи на 19 политички партии и коалиции забележавме подобрување во врска со употребата на пропишаниот образец, освен кај Партијата за европска иднина, која повторно објаснува дека и вториот извештај не е во соодветниот образец бидејќи не се променила состојбата со донациите. Слична е состојбата и кај 26 извештаи од групи избирачи, од кои само еден не е во пропишаната форма. Целосната слика и „отворените прашања“ ни ги даде анализата на вкупните финансиски извештаи на 23 политички партии и коалиции. Она на што немаме одговор, ниту, пак, имавме одговор за изборите од 2011[50] година, е од кои

50 „...се поставува прашањето дали се возможни и дозволени какви било трансакции преку овие сметки во периодот помеѓу изборите и денот на затворање на сметката, особено во однос на подмирувањето на кумулираните долгови на учесниците во изборите. Се работи за мошне високи суми, почнувајќи од 30.000 евра кај Демократската партија на Албанците, па сѐ до високите 3.000.000 евра недостаток кај владејачката ВМРО–ДПМНЕ“; „Транспарентост во финансирањето на политичките партии – годишен извештај 2011“, Транспарентност Македонија и Фондација Отворено општество - Македонија, јануари 2012.

средства ќе се покрие разликата од вкупните приходи и вкупните расходи што ја забележале политичките партии. Секаков трансфер на дополнителни средства по завршетокот на изборната кампања е во спротивност со Изборниот законик. Дури и ако партиите сметаат на предвидениот надоместок, тој се пресметува врз основа на добиените гласови и сосема се возможни сценарија во кои надоместокот не одговара на висината на долгот. За последните избори станува збор за 10 партии и коалиции, и повторно за значителни износи[51].

Во врска со образецот за извештајот, повторно се забележени некои неправилности, кои се на ниво на технички грешки, како, на пример, забелешката на Сојузот на Титови леви сили во делот **вид на донација,** запишале „доброволен прилог“.

Како нецелосен треба да се третира и вкупниот финансиски извештај на Социјалдемократската партија на Македонија, која покрај тоа што нема приходи ни расходи, не навела и базична информација како податоци за седиштето на партијата.

Кај групите на избирачи прегледавме вкупно 68 извештаи. 30 од нив користеле средства, а 6 имаат негативна разлика помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи. Повторно тука се јавуваат нецелосни и неправилно пополнети извештаи.

51 ДПА: 805 147 денари; ДУИ: 7 987 902 денари; Коалиција ВМРО-ДПМНЕ (за избор на членови во советите на општините Василево, Конче, Гостивар, Врапчиште, Теарце, Тетово, Чаир, Студеничани и Радовиш) 7 594 862 денари; Коалиција ВМРО-ДПМНЕ (за избор на градоначалник на Град Скопје и градоначалници на општините) 9 462 681 денари (оваа пресметка не е дадена во извештајот, но со едноставна математичка операција се стигнува до оваа негативна разлика); Коалиција ВМРО-ДПМНЕ (за избор на членови во Советот на Град Скопје и членови на советите на општините) 520 134 денари; Либерална партија: 87 895 денари; Народно движење за Македонија: 284 404 денари; Национална демократска преродба: 834 544 денари; СДУ: 78 635 денари; Српска напредна странка: 3 473 216 денари.

# НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И КОНТРОЛАТА НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Искуствата од спроведените истражување во 2011 и во 2012 година ни покажаа дека постои неподготвеност и неможност на надлежните институции да ги исполнат обврските што произлегуваат од нивните надлежности. Токму затоа решивме повторно да ги провериме капацитетите на овие институции да преземат активности против прекршителите на правилата за изборно финансирање. За таа цел, кон крајот на август 2013 година, поднесовме барања за слободен пристап до надлежните институции за контрола, и тоа до ДКСК, ДЗР, ДИК, Министерството за правда, Јавното обвинителство на РМ и до Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Најнапред, она што сакавме да го добиеме како информација е дали и во која мера надлежните институции презеле мерки за утврдување евентуални неправилности за време на локалните избори.

Со барање се обративме до ДЗР и го прашавме дали дале предлог до ДИК за донесување одлуки за делумно или целосно губење на надоместокот за трошоците за изборната кампања, односно предлог за забрана за исплата на истиот надоместок на некои од организаторите на изборни кампањи, кои во пропишаниот рок не доставиле финансиски извештаи за локалните избори од март 2013 година. Од ДЗР ни одговорија дека постапиле во согласност со своите законски надлежности и дале предлог до Државната изборна комисија и истиот ни го доставија во прилог[52].

За истата работа се обративме и до ДИК, односно баравме информација дали по предлог на ДЗР, донеле одлука за делумно или целосно губење

52 Види прилог 3.

на надоместокот за трошоците за изборната кампања, односно забрана за исплата на истиот надоместок. ДИК беше отворена за соработка и ни одговори во законски рок, и во прилог ни ја достави бараната одлука. Во согласност со одлуката, на вкупно 71 организатор на изборна кампања им се запира исплатата на надоместокот на трошоците за изборната кампања. Од овие 4 се политички партии (Партија за европска иднина, Демократска партија на Турците на Македонија, Демократска обнова на Македонија, Социјалдемократска партија на Македонија), а другите се групи избирачи.

Понатаму, продолживме со анализа на надлежните институции за контрола, па со барање со обративме до ДЗР, кого го прашавме дали утврдиле неправилности во финансиските извештаи на организаторите на изборни кампањи за локалните избори од март 2013 година и соодветно на тоа дали поднеле барање за прекршочна постапка или пријава до надлежниот јавен обвинител, па ако одговорот е потврден, побаравме и фотокопии од поднесените барања/пријави. ДЗР нѐ извести дека до денот на поднесување на барањето, нема поднесено барање за прекршочна постапка или пријава до надлежен јавен обвинител. Во одговорот на барањето ни појасни дека извршиле финансиска ревизија со ревизија на усогласеност на организаторите на изборни кампањи за локалните избори од март 2013 година, но конкретните ревизорски извештаи биле во фаза на нацрт-извештаи, на кои субјектите што се предмет на ревизија имаат право на забелешки. Откако истите ќе станеле конечни, доколку кај овластениот државен ревизор ќе постои сомневање за сторен прекршок или кривично дело, ќе ги проследеле до надлежните државни институции[53].

Барање упативме и до Основниот суд Скопје 1 – Скопје и прашавме дали до судот се поднесени барања за поведување прекршочна постапка против организаторите на изборни кампањи за локалните избори од март 2013 година поради недоставување финансиски извештаи, дали овие постапки се поведени и какви одлуки се донесени. Одговорот што го добивме беше дека не се поднесени барања за прекршочна постапка[54].

Важно беше да се обратиме и до ДКСК и да ги прашаме дали поднеле барање за прекршочна постапка или постапка за порамнување со оние организатори на изборни кампањи за локалните избори од март 2013 година поради недоставување финансиски извештаи за изборната кампања, и доколку одговорот е потврден, фотокопии од поднесените барања односно

53 http://www.spinfo.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3686:slucaj-02&catid=1443&Itemid=692&lang=mk
54 http://www.spinfo.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3691:slucaj-02&catid=1382&Itemid=692&lang=mk

постапки за порамнување. ДКСК не извести дека сè уште нема поднесено барања за поведување прекршочна постапка, но во тек била постапка за порамнување со оние организатори на изборни кампањи што не ја исполниле обврската за доставување финансиски извештаи. Барањето за фотокопии ни беше одбиено, со образложение дека изнесувањето на податоците од бараните документи, би имало штетни последици за текот на постапката[55].

До ДКСК се обративме и со барање со кое ги прашавме дали доставиле до Јавното обвинителство на РМ иницијативи за кривично гонење на некои од организаторите на изборни кампањи за локалните избори од март 2013 година, и доколку одговорот е потврден, фотокопии од поднесените барања. Одговорот што го добивме беше дека ДКСК нема започнато иницијативи за поведување постапка за кривично гонење[56].

За проверка на меѓуинституционалната соработка, се обративме и до Јавното обвинителство и го прашавме дали ДКСК им има доставено иницијативи за кривично гонење на организаторите на изборни кампањи за локалните избори од март 2013 година. Одговор во законскиот рок од 30 дена не добивме, па поведовме жалбена постапка пред Комисијата. Краток период по поднесување на жалбата, Комисијата контактираше со ТМ со цел да нè информираат дека Јавното обвинителство се произнело по нашата жалба и ја известило Комисијата дека одговор ни доставиле во законскиот рок, но претпоставуваме дека поради извесен проблем со поштенските служби, тој одговор не беше доставен до нас. Пристапивме до Комисијата и подигнавме копија од одговорот на Јавното обвинителство, во кој беше наведено дека ДКСК нема доставено иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на организаторите на изборни кампањи за локалните избори од март 2013 година[57].

На крај, се обративме до ДЗР со барање за информацијата за упатен предлог до министерот за правда за донесување одлуки за запирање (суспензија) на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање од Буџетот на РМ на оние политички партии што не ги исполниле своите обврски за 2011 и за 2012 година предвидени со Законот за финансирање на политичките партии[58]. Државниот завод за ревизија ни одговори дека во тек било вршење

55 http://www.spinfo.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3682:slucaj-04&catid=1423&Itemid=692&lang=mk

56 http://www.spinfo.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3683:slucaj-05&catid=1423&Itemid=692&lang=mk

57 http://www.spinfo.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3680:slucaj-01&catid=1442&Itemid=692&lang=mk

58 Членовите 16, 25, 26 став 3 и член 27а се однесуваат на надминување на висината на примените донации или, пак, примање донации од непознато потекло; неподнесување извештај за добиените донации, годишна сметка и годишен финансиски извештај.

финансиска ревизија со ревизија на усогласеност на сите политички партии, па доколку по завршување на истата се утврдило сомнение за прекршок, ќе се обрателе до надлежните институции за понатамошна надлежност[59].

Истата информација ја побаравме и од Министерството за правда, односно дали Државниот завод за ревизија го дал горeспоменатиот предлог, на што добивме одговор дека ДЗР нема доставено предлог за запирање (суспензија) на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање од Буџетот на РМ на оние политички партии што не ги исполниле своите законски обврски[60].

59 http://www.spinfo.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3687:slucaj-03&catid=1443&Itemid=692&lang=mk
60 http://www.spinfo.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3690:slucaj-05&catid=1393&Itemid=692&lang=mk

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## Непочитување на обврската за поднесување извештаи за редовното финансирање до надлежните институции.

Иако во 2013 година процентот на партии што ја исполниле обврската да поднесат годишни финансиски извештаи (29% од регистрираните политички партии) е поголем од оној забележан во 2011 година (приближно 11% од регистрираните политички партии), остануваат отворени две прашања. Прво, избегнувањето на оваа обврска укажува или на непознавање на законската регулатива[61] или, пак, на свесна одлука да се скријат партиските финансии. Меѓутоа, можеби уште поважно е дека партиите со ваквото однесување покажуваат дека немаат причини да се „плашат" од законски предвидените санкции, што укажува на огромна слабост и неконзистентност на контролниот механизам.

Понатаму, и овој пат беше нотирано, иако во помала мера, непочитување на пропишаната форма за подготовка на годишните извештаи што во суштина претставува нецелосно исполнување на предвидените обврски.

61 Што делумно се докажа со истражувањето од 2012 година. „Парите и политиката – Транспарентност во финансирањето на политичките партии: годишен извештај 2012", Транспарентност Македонија, декември 2012.

## Непочитување и/или несоодветна примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Имајќи предвид дека транспарентноста на политичкото финансирање ја анализиравме преку примената на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, оваа студија ќе беше нецелосна без краток осврт и забелешка за примената на Законот за слободен пристап. Впрочем, транспарентноста и јавноста како принципи на едно отворено општество треба да имаат конзистентна и сеопфатна примена во сите аспекти на функционирањето на институциите. Меѓутоа, истражувањето ја покажа генералната неподготвеност на институциите да одговорат на испратените барања. Причините за ваквиот однос се нејасни, бидејќи по поднесените жалби до Комисијата доаѓа до делумно подобрување на состојбата и зголемување на бројот на одговори.

Сепак, неизбежно е да се упати и критика на работата на Комисијата, која во голем дел од случаите го проби законскиот рок за одлучување по поднесените жалби.

Овие очигледни слабости на пристапот до информации од јавен карактер ја поткопуваат одлуката на Вишиот управен суд со која се потврди исклучувањето на политичките партии од листата на иматели на информации од јавен карактер. Едногодишните напори на ТМ да ги добие бараните информации од надлежните институции покажуваат дека јавноста и транспарентноста на политичкото финансирање не е обезбедена со обврската на овие институции да ги објавуваат податоците за финансирањето на политичките партии.

## Недостатоци во законската рамка за редовното финансирање на политичките партии

Иако сите измени на Законот за финансирање во последнава декада дадоа релативно кохерентна и сеопфатна законска рамка, сепак не обезбедија поголема јавност на финансирањето. Во последните три години една од најголемите пречки при анализата беше недостапноста на политичките партии. Ваквата состојба е недозволива и бара итна промена на Законот за политички партии, со што ќе се бараат повеќе податоци за контакт на политичките партии и нивно почесто ажурирање. Ова треба да вклучи и задолжително изготвување и одржување веб-страница, што не претставува финансиски товар за политичките партии а бездруго е клучен елемент за остварување јавност и транспарентност во согласност со законските барања.

| | Поднесени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Основен суд Скопје 2 Скопје | ДЗР | ДКСК | ДИК | Централен регистар | УЈП | Собрание на РМ | Министерство за правда | Јавно обвинителство |
| Број на поднесени барања | 1 | 9 | 5 | 4 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| Целосен одговор во законски рок | 1 | 3 | 2 | 2 | / | / | / | 1 | 0 |
| Нецелосен одговор во законски рок | / | 1 | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 | / | 0 |
| Молчење | / | 5 | / | / | / | 1 | / | / | 2 |
| Поднесени повторни барања | | 1 | 3 | 2 | / | 1 | 1 | / | / |
| Одговор по повторно барање | / | 0 | 0 | 2 | / | 1 | 1 | / | / |
| Жалба до КОМСПИ | / | 6 | 3 | 1 | 1 | 1 | / | / | 2 |
| Одговор по поднесена жалба | / | 6 | 0 | 1 | / | / | / | / | 1 |
| Одговор по решение на КОМСПИ | / | / | 3 | / | / | 1 | / | / | / |

Табела 2: Вкупен број на поднесени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и одговори од надлежни институции.

## Слабости во контролниот механизам на редовното финансирање на политичките партии

ДЗР согласно со член 22 од Законот за државна ревизија и член 26 од Законот за финансирање на политичките партии, е должен да спроведе надзор над финансиско-материјалното работење на сите политички партии и истиот задолжително треба да се спроведува секоја година за претходната година. На почетокот на септември 2013 година со допис се обративме до ДЗР со цел да ни биде даден одговор поради која причина во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2013 година, во прегледот за планирани ревизии за 2013 година, може да се најдат само 6 политички партии, и тоа ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, ДПА, НСДП и СПМ, а не сите регистрирани политички партии како што е предвидено во законските одредби. Одговорот што го добивме беше дека постоеле измени и дополнувања на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2013 година и заклучно со 31.12.2013 година, ќе била извршена ревизија на финансиските извештаи за редовно работење на сите политички партии во Република Македонија. Во овој момент не можеме да процениме дали оваа ревизија ќе покаже некакви слабости и ќе повлече одговорност на политичките партии. Меѓутоа, без постоењето на ефикасен систем за контрола, не може да се очекува да се подигне нивото на јавност и отчетност кај партиите. Сите напори, обуки, дебати и измени на законите се излишни доколку не постои конзистентна и ефикасна контрола.

## Недостатоци во законската рамка за изборното финансирање

И по сите измени на законската рамка, сепак во изминативе три години ТМ упорно ги забележува речиси истите клучни недостатоци.

Најнапред, правилата за посебната сметка за финансирање на изборите не подлежи на доволна регулација. Непостоењето на прецизен рок за нејзиното затворање, со што фактички се овозможуваат финансиски трансакции откако ќе се објават фактичките резултати од изборите, остава сериозно голем простор за злоупотреби. Препораката за уредување на рокот за затворање на сметката и за изрична забрана за трансакции преку истата по завршувањето на изборите е клучна за обезбедување фер избори. Во таа смисла, Изборниот законик не прецизира на која сметка ќе се исплати

надоместокот за изборите, со што повторно е оставен простор за злоупотреба и неможност за поделба меѓу средствата за редовното финансирање и финансирањето на изборните кампањи.

Како и во претходните две години, повторно укажуваме на потребата од итна промена на праговите за донации на кампањите за физичките и за правните лица. Сегашните одредби се дискриминаторски и им даваат неправедна предност на големите субјекти. Релативните 5% од приходот на правните лица треба да се заменат со апсолутна бројка, со што ќе се обезбеди еднаков политички натпревар меѓу учесниците во изборите. Ваквиот предлог е во согласност со препораките на ОБСЕ/ОДИХР а и со споредбените искуства од Европа и потесно од регионот[62].

